Macedonian | Македонски

NSW STATE EMERGENCY SERVICE

# Знајте го ризикот од поплава

## Дознајте за вашиот ризик од поплава



- Контактирајте ја вашата општина (council) за локални информации за вашиот ризик од поплава.
- Контактирајте со вашата локална единица на SES на Нов Јужен Велс за информации за локални поплави. Исто така, информации за локални поплави може да има на **веб-страницата на SES на Нов Јужен Велс**.
- Разговарајте со вашите соседи и со жителите кои долго време живееле, работеле или ја посетувале областа, за информации за поплави во минатото.
- Истражете на која висина вашиот дом, бизнис или имот може да бидат погодени од поплава. Овие информации треба да бидат достапни од вашата општина.
- Проверете дали имате соодветна полиса за осигурување што ќе ги покрие штетите од поплави за вашиот дом и имот.

## Бидете свесни за последиците од поплавите

Има многу последици од поплави, на пример:

- Оштетување на вашиот дом, бизнис или имот
- Прекин во снабдувањето со струја и вода
- Изолација. Дури и ако вашиот имот не е поплавен, може да бидете опкружени со надојдена вода
- Прекин на комуникациските врски
- Оштетување на канализационите системи
- Вода надојдена преку патиштата, мостовите и местата што ги посетувате

Во ситуации опасни по животот, **јавете се на три нули (000)**

За итна помош при поплава, невреме или цунами, јавете се на **NSW SES** на **132 500.**

**www.ses.nsw.gov.au/languages**

@NSWSES NSWSES NSWSES

Macedonian | Македонски

# Знајте го ризикот од поплава

## Знајте што треба да правите и каде да одите



Имајте планови за вонредни ситуации за вашиот дом, бизнис и имот. Планирајте за сите луѓе и животни за кои водите грижа.



Споделете го вашиот план за вонредни ситуации со семејството, соседите и колегите и редовно прегледувајте го.



Планирајте безбедни патишта за патување за различни сценарија на затворени патишта.



Планирајте да заминете порано.



Организирајте безбедно место каде да одите што е надвор од зоната на ризик од поплави, на пример во куќата на пријател или роднина. Ако ова не е опција, планирајте да одите во центар за евакуација.

## Подгответе **комплет за вонредни ситуации**

- Преносно радио и резервни батерии
- Батериска светилка и резервни батерии
- Комплет за прва помош (со неопходни материјали за вашето домаќинство)
- Свеќи и водоотпорни кибрити




## Бидете информирани

Преземете ја апликацијата **Hazards Near Me** на вашите мобилни уреди и создадете **Зони за набљудување (Watch Zones)** за областите каде што живеете, работите и ги посетувате.

Во ситуации опасни по животот, **јавете се на три нули (000)**

За итна помош при поплава, невреме или цунами, јавете се на **NSW SES** на **132 500.**

**www.ses.nsw.gov.au/languages**

@NSWSES NSWSES NSWSES